25.09.2014
10 4670/2

# ИЗВЕШТАЈ
## од редовниот надзор на програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ – М ДОО Скопје, емитуван на 6 септември 2014 година

***Предмет на надзорот:***

Предмет на надзор во согласност со Годишниот план за вршење програмски надзор беа:

- обврските за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации; и
- обврските за заштита на малолетните лица од програми што можат да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој.

***Констатации:***

Со мониторингот на снимката од програмскиот сервис на ТРД АЛСАТ–М ДОО Скопје, од 6 септември 2014 година, е констатирано **прекршување на член 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (во рекламите и телешопингот не смеат да бидат прикажувани, визуелно или тонски, лицата кои редовно презентираат вести и актуелни информативни емисии).

Во анализираниот ден се регистрирани телешопинг спот и реклама во кои тонски е прикажан препознатливиот презентер на вестите на Алсат–М Телевизија, Авди Бакиу.

| Наслов на содржината | Период на емитување | | Времетраење |
|---|---|---|---|
| | почеток | крај | |
| Телешопинг спот (Нутрибулет–блендер) | 12:27:04 | 12:29:35 | 2 мин. и 31 сек. |
| Реклама (Даксорол–фабрика за производство) | 19:31:50 | 19:32:18 | 28 сек. |

***Опис на прекршувањето:***

**Спротивно на член 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, на 6 септември 2014 година, на програмскиот сервис на ТРД АЛСАТ–М ДОО Скопје, се регистрирани телешопинг спот и реклама во кои тонски е прикажано лице кое редовно презентира вести на телевизијата.

*Датум на извршување на програмскиот надзор:*
*25.09.2014 година*

| Претходно изречена мерка: |
| --- |
| - Нема изречено мерка |

Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), а со оглед дека за прекршување на оваа законска одредба до сега не му е изречена мерка на радиодифузерот, во согласност со член 23 и 27 од цитираниот закон, до в.д. Директорот на Агенцијата се дава следната

Предлог на мерка:

- да се преземе мерка – опомена, и
- В.д. Директорот на Агенцијата да определи во кој рок од денот на донесувањето на поединечниот акт (решение), да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил).